Врз основа на член 103 став 1 точка 2, член 149, 150 и 151 од Законот за високото образование („Службен Весник на РМ“ бр. 82/18), член 200 став 1 алинеја 1 од Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, а во врска Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот бр 02-355/1 nga data 27.03.2024 година, Одлуката на Владата на РСМ за бројот на студенти за запишување во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во учебната 2024/2025 година, бр. 2024/2025 и бр. 41-5612/3 од дата 02.07.2024 година („Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 178/21 и 28/24), Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во учебната 2024/2025 година бр. 41-5555/3 од дата 02.07.2024 година („Службен Весник Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 28/24) , Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, објавува

**КОНКУРС**
**за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје за учебната 2024/2025 година**

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ

На единиците на Универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје, во прва година на прв циклус студии во академската 2024/2025 година, ќе се запишат следниов број студенти:

| ФАКУЛТЕТИ И СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | Редовни во државна квота | Износ на партиципација (Еур – годишно) | Редовни со кофинансирање | Износ на кофинанцирање (Еур – годишно) | Вонредни | Износ на кофинанцирање (ЕУР – годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И АРХИТЕКТУРА** | **70** | **200** | **15** | **400** | **/** | **/** | **85** |
| Архитекрура и дизајн (180 ЕКТС) | 50 | 200 | 10 | 400 | / | / | 60 |
| Градежништво- конструктивна (180 ЕКТС) | 20 | 200 | 5 | 400 | / | / | 25 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ** | **210** | **200** | **25** | **400** | **25** | **400** | **260** |
| Информатика(240 ЕКТС) | 50 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 60 |
| Информатика - наставна(240 ЕКТС) | 30 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 40 |
| Компјутерски науки и инженерство (240 ЕКТС) | 50 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 60 |
| Применето програмирање (180 ЕКТС) | 80 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 100 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | **160** | **200** | **60** | **400** | **30** | **400** | **250** |
| Електроенергетика и обновливи извори на енергија (240 ЕКТС) | 25 | 200 | 5 | 400 | / | / | 30 |
| Одржлив дизајн во машинското инженерство (240 ЕКТС) | 25 | 200 | 5 | 400 | / | / | 30 |
| Сообраќајно-транспортно инженерство(240 ЕКТС) | 30 | 200 | 30 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| Мехатроника (180 ЕКТС) | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индустриски менаџмент(240 ЕКТС) | 30 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 40 |
| Инжиниерство за заштита на животна средина | 15 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| Безбедност при работа | 15 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ** | **120** | **200** | **60** | **400** | **/** | **/** | **200** |
| Дизајна на хемиски производи и процеси (240 ЕКТС) | 20 | 200 | 10 | 400 | / | / | 30 |
| Прехранбена технологија (240 ЕКТС) | 30 | 200 | 20 | 400 | / | / | 50 |
| Биохемиско инженерство (240 ЕКТС) | 30 | 200 | 10 | 400 | / | / | 40 |
| Текстил дизајн и моделирање(180/240 ЕКТС) | 40 | 200 | 20 | 400 | / | / | 60 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ** | **250** | **200** | **70** | **400** | **65** | **400** | **385** |
| Социјална работа и социјална политика (240 ЕКТС) | 35 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| Медиуми и интеркултурна комуникација (240 ЕКТС) | 15 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| Спорт и спортски науки(240 ЕКТС) | 40 | 200 | 20 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| Јавна администрација и управување со човечки ресурси(240 ЕКТС) | 50 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| Политички студии и меѓународни односи (240 ЕКТС) | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| Применета економија и претприемништво(240 ЕКТС) | 40 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| Психологија (240 ЕКТС) | 40 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | **70** | **200** | **15** | **400** | **15** | **400** | **100** |
| Правни студии (240 ЕКТС) * | 40 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| Криминалистика (240 ЕКТС) | 30 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 40 |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | **120** | **200** | **20** | **400** | **20** | **400** | **160** |
| Маркетинг и менаџмент (240 ЕКТС)* | 40 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 100 |
| Финансии и банки (240 ЕКТС) | 50 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 110 |
| Царина Шпедиција и Осигурување (240 ЕКТС) | 30 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 100 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ** | **80** | **200** | **15** | **400** | **15** | **400** | **110** |
| Англиски јазик и книжевност (240 ЕКТС) | 30 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 40 |
| Германски јазик и книжевност (240 ЕКТС) | 30 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 40 |
| Превод: албански-македонски -германски (240 ЕКТС) | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| **Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје** | **1110** | | **285** | | **175** | | **1570** |

*Во процес на добивање на Решение за акредитација на студиска програма

**НАПОМЕНА:**
**Високообразовната установа донесува одлука за минимален број на запишани студенти со цел да се отпочне со работа на студиската програма. Доколку студиската прогрма не започне со работа, соодветните кандидатите ќе може да се запишат во други студиски програми.**
**Наставата се одвива на албански јазик и на македонски јазик, во согласност со бројот на пријавените кандидати.**

## II. Услови и критериуми за запишување

1. Право на запишување на прв циклус студии (прв циклус на академски и на стручни студии) имаат кандидати кои положиле државна матура или меѓународна матура.
2. Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четригодишно средно образование, кои не полагале државна матура, односно кои завршиле средно образование пред учебната 2007/2008.
3. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите. На прв циклус студии на факултетите можат да се запишуваат и вонредни студенти, доколку тоа го овозможува карактерот на студиската програма.
4. На прв циклус студии на факултетите можат да се запишат и кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи. Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до 10% од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот. Кандидатите од претходниот став се запишуваат според успехот од претходното образование. Сродноста ја утврдуваат и објавуваат факултетите. Кандидатите од оваа точка се запишуваат со кофинансирање на студиите, како и кандидатите од глава V од Конкурсот.
5. Начинот на селекција на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои тие конкурираат, и тоа:
   a) студиски програми каде селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование;
   b) студиски програми каде селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите. Тоа се однесува на студиски програми со посебни специфичности.
6. Основен критериум за селекција на кандидатите за запишување на додипломски студии е успехот постигнат во средното образование. Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.

a) На студиските програми каде селекцијата се врши само според успехот од средното образование, кандидатите може да освојат најмногу 100 поени, и тоа: општиот успех по сите предмети учествува со 60% и од успехот постигнат на државната матура кој учествува со 40%.

**а.1. Пресметка на поените од општиот успех**

На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование**, бодирањето се врши на следниов начин:

- се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

**а.2. Пресметка на поените од успехот постигнат од државната матура**

❖ За кандидатите кои полагале државна матура во учебната **2024/2025** бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин:

**За двата екстерни предмета:**

- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **соодветен** за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг поделен со 20, и на кандидатот за содветниот предмет овој збир се множи со 1,2.
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **несоодветен** за студиската програма на која конкурираат, поените за тој предмет се множат со фактор 0,9.

По оваа основа можат да се добијат најмногу 24 поени за двата екстерни предмета.

**За двата интерни предмета:**

- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **соодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множат со коефициент 1,2.
- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **несоодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира се множат со коефициент 0,8.

Вака добиените производи се собираат.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **12 поени** за два соодветни, **10 поени** за еден соодветен и еден несоодветен и **8 поени** за два несоодветни предмета.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

- ❖ **За кандидатите кои средното образование го завршиле во учебната 2019/20 година** и не полагале државна матура согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба, се собираат сите оцени што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оцени и вака добиениот среден успех се множи со 20. По оваа основа може да се добијат најмногу **100 поени**.

- ❖ За кандидатите кои полагале државна матура по учебната 2013/2014 до учебната 2018/2019 година бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин:

**За трите екстерни предмети:**

- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **соодветен** за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот (изразен во проценти) за содветниот предмет поделен со 20.
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **несоодветен** за студиската програма на која конкурираат, поените од тој предмет, добиени според горната методологија, се множат со фактор 0,5.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **30 поени** за трите екстерни предмети.

**За интерниот предмет:**

- Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура, а кој е **соодветен** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со коефициент **1,2**.
- Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура, а кој е **несоодветен** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со коефициент **0,8**.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **6 поени за соодветен**, односно **4 поени за несоодветен** интерен предмет.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

- ❖ **За кандидатите кои полагале државна матура заклучно со учебната 2012/2013 година** бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин:

**За двата екстерни предмета:**

- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **соодветен** за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот за содветниот предмет поделен со 20.
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **несоодветен** за студиската програма на која конкурираат, поените за тој предмет се множат со фактор 0,5. По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за двата екстерни предмета.

**За двата интерни предмета:**

- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **соодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множат со коефициент 1,6.
- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **несоодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира се множат со коефициент 1.

  Вака добиените производи се собираат.

  По оваа основа можат да се добијат најмногу **16 поени** за два соодветни, **13 поени** за еден соодветен и еден несоодветен и **10 поени** за два несоодветни предмета.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

❖ За кандидатите кои средното образование го завршиле во претходните учебни години **(пред учебната 2007/08 година)** и не полагале државна матура, освен пресметувањето на бодовите од точка 7.а.1), се пресметуваат и најмногу 40 поени од предметите кои се значајни за студиската програма, и тоа: збирот од оценките од двата предмети значајни за студиската програма (ННС ги одредува значајните предмети за Студиската програма) се дели со бројот на оценките (независно во колку години предметот се слушал во средното образование) и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 4. По оваа Основа може да се добијат најмногу 20 поени за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за двата предмета.

b) Пресметка на бодовите на студиските програми со проверка на знаење и умеење: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години и од матурскиот испит, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу 60 поени. Вреднувањето на успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од 0 до 40 поени. Проверката има елиминаторен карактер со најмалку 10 поени. Проверката според иста постапка ќе се воведува за кандидатите странски државјани, кандидати кои имаат завршено средно образование надвор од РСМ, кандидати со несоодветни интерни и екстерни предмети и кандидатите кои немаат положено државна матура, односно имаат завршено средно пред учебната 2007/08.

c) Кандидатите со помалку од 40 поени, од вкупниот број на поени нема да бидат примени.

## III. Селекција на кандидатите

1. За реализација на Конкурсот за запишување, наставно-научниот совет на факултетот формира Конкурсна комисија.
2. За следење и реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија. Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на факултетите, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување. Универзитетската конкурсна комисија донесува Упатство за реализација на Конкурсот.
3. Рангирањето на кандидатите го вршат конкурсните комисии на одделните факултети.
4. Конкурсната комисија, на огласната табла на факултетот и на веб страната на универзитетот, ги објавува поените од средното образование (среден успех), и резултатите од проверката на знаењата и умеењата, на студиските програми каде што таа се спроведува (во табелата на резултати ќе бидат објавени и следниве податоци: име, име на родител и презиме, место на живеење, државјанство и статус на прием).

   По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки

направени при пресметувањето на бодовите, и се упатува до Конкурсната комисија на единицата. Конкурсната комисија на единицата носи Одлука по приговорот. Одлуките по приговорите се објавуваат на факултетите.

Доколку кнадидатот не е задоволен и по таа Одлука, во рок од 12 часа има право да поднесе Жалба до Универзитетската конкурсна комисија.

Универзитетската конкурсна комисија во рок 24 часа донесува Одлука по жалбата.

Одлуката на Универзитетската конкурсна комисија е конечна.

По истекот на роковите за поднесување приговори или жалби и нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија ја објавува конечната ранг-листа, врз основа на која се врши запишување на студенти, од страна на факултетската комисија.

Кандидатите кои во предвидениот рок за упис нема да да ја достават соодветната документација, односно воопшто нема да се јаваат на службата за студентски прашања на соодветниот факултет каде што се примени, ќе се третира дека се откажуваат од приемот и нивното место повторно ќе биде објавено во дополнителниот конкурс.

5. Факултетите на кои и по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места, вршат запишување во втор и во трет уписен рок.

## IV. Запишување студенти во државна квота

1. Студентите во државна квота се запишуваат со плаќање надоместок за студиите, во износ од 200 евра, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на РСМ.

   Плаќањето на надоместокот, по правило, се врши во две еднакви рати, при запишувањето на зимскиот, односно летниот семестар.

   Надоместокот од став 1 на оваа точка, студентите кои го задржуваат статусот на редовни студенти во државна квота согласно Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, го поднесуваат во текот на целото студирање.

2. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати), факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од 5, тогаш факултетите овие кандидати ги рангираа според дополнителни критериуми: соодветноста на изработената проектанта задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, членови на спортски репрезентации на РСМ, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл.

3. Припадниците на безбедносните сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства, како и лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон („Службен весник на РМ“ бр. 2/02, 17/03, 30/04, 66/07 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 53/21), во учебната 2024/2025, ќе се запишуваат надвор од државната квота без плаќање партиципација, односно кофинансирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на соодветната студиска програма.

   Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

4. Високообразовната установа нема да наплатува партиципација за:
   - лица без родители до 26-годишна возраст, доколку се невработени;
   - лица од прв и втор степен на инвалидност, согласно уредбата која ја донесува Владата;
   - воени инвалиди;

- лица растени во домови за напуштени деца до 26-годишна возраст, доколку се невработени; и
- Други лица утврдени со уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.

Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до 10% од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот. Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. Запишување студенти со кофинансирање на студиите

1. На факултетите, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата.
2. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, плаќаат надоместок на студиите, во износ од 400 евра, во денарска противредност според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.

   Надоместокот од претходниот став на оваа точка студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.
3. Факултетот објавува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија.

   Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти, поднесуваат изјава во рок од 24 часа по објавувањето на конечната ранг-листа дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.

   Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија.

   Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот/Универзитетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## VI. Запишување вонредни студенти

1. На одделни студиски програми на факултетите, како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат договор за вработување на неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

   За оправдани причини од претходниот став се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.
2. Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

   Студентите што се запишуваат во оваа категорија, плаќаат надоместок за студиите во износ од 400 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.

   Надоместокот од став 2 на оваа точка студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.
3. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат договор за вработување на неопределено време, потврда дека е вработен нотарски заверен или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2.

**VII. Кандидати со завршено средно образование во странство, кандидати со завршена меѓународна матура и кандидати од приватните средни училишта во РСМ.Странски државјани**

1. Странските државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во Конкурсот, а нивниот број може да изнесува до 20% од вкупниот број на студенти утврден со конкурс во ниво на факултетот, освен студиските програми каде настава се одвива на англиски јазик.
2. Селекцијата на странските државјани кои се пријавуваат за студирање на студиските програми по англиски јазик се врши со проверка на знаењата и умеењата.
3. При пријавувањето, кандидатите наведуваат на кој факултет, односно студиска програма сакаат да студираат, дали се стипендисти на својата влада или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат свидетелство за завршено средно образование, како и свидетелства за сите класови, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, потврда за знаење на македонскиот или албанскиот јазик (издадена од комисија на Универзитетот) и уверение за здравствената состојба (ХИВ тест и хепатит Ц). Странските државјани со Свидетелството за завршено средно образование, како и свидетелства за сите класови пред почетокот на учебната година, треба да доставуваат одлука/решение за нострификација од одредената институција на РСМ, односно документација за почеток на псотапката за нострификација. Универзитетот организира подготивинелна настава за изучување на албански и македонскиот јазик при Центар за јазици и обука, а кандитатот ги покрива потребните обврски за следење на курсот. Школарината за странските државјани во учебната 2024/2025 година изнесува 300/500 евра за еден семестар односно 600/1000 евра за една школска година. Во оваа категорија студенти припаѓаат и кандидатите странски државјани чии родители или самите тие работат во дипломатските претставништва во Република Северна Македонија.
4. Странски државјани кои завршиле средно во РСМ, при пресметување на бодовите, се третираат исто како државјаните на РСМ, но статусот на кандитатот ќе се третира како кај странските државјани во овој дел на конкрусот. Странските државјани го задржуваат истиот статус до дипломирањето.

**b) Иселеници и државјани на РСМ со завршено целокупно средно образование, со дел од средното образование во странство, кандидати со меѓународна матура и кандидати државјани на РСМ со средно во приватните училишта во РСМ.**

1. Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РСМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство се запишуваат надвор од квотата, со кофинансирање на студиите.
2. Селекцијата на кандидатите од точка 1, се врши со проверка на знаењата и умеењата.
3. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, во зависност од студиската програма е утврден во глава I од Конкурсот (како за кандидатите од глава VI), изнесува 400 евра годишно.

   Кандидатите кои имаат завршено дел од средното во странство, можат да се запишуваат и под условите и критериумите утврдени во Конкурсот за кандидатите со завршено средно образование во РСМ, во рамките на државната квота. Кандидатите од точка 1, со пријавата, поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови од средното образование завршени во странство.

4. Кандидатите државјани на РСМ со завршена меѓународна матура се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Северна Македонија, со тоа што, покрај другите документи, поднесуваат и нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршено во странство, односно за завршена меѓународна матура. Овие кандидати се рангираат на посебна ранг-листа, а ќе бидат примени оние кандидати кои ќе освојат бодови најмалку како и последниот примен кандидат во рамките на државната квота на соодветната студиска програма. Бројот на овие кандидати може да изнесува најмногу 10%, а трошоците за нивното студирање ги поднесува Министерството за образование и наука. Кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот кандидат примен во категоријата со кофинансирање на студиите се запишуваат со надоместок за студирање во висина утврдена во глава I од Конкурсот. За кандидатите кои се запишуваат во оваа категорија, со кофинансирање на студиите, се применуваат одредбите од глава VI од Конкурсот. Кандидатите од глава VII (б) се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот, во роковите утврдени со Конкурсот.
5. Кандидати со завшрено средно образование во приватните акредитирани училишта во РСМ, со државна матура, ќе се третитаат исто како и кандидатите со завршено образование во Репулбика Северна Македонија.

**VIII. Дополнителни квоти утврдени од Владата на РСМ**

1. Бројот на студенти припадници на категориите на лица со посебни права Утврдени според Законот за посебни права на Р.М, се запишуваат во посебна квота (без поднесување на трошоци за студирање), може да изнесува најмногу 10 % од вкупниот број на студенти на ниво на студиска програма.
2. За обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, на високообразовните установи на Универзитетот, во учебната 2024/2025 година, дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од **10%** од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година – прв циклус на студии на ниво на факлултет. Во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Северна Македонија.
3. Процентот на студентите - припадници на овие заедници, заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Северна Македонија.

**IX. Рокови за пријавување и запишување**

| **РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ – 2024/2025 ВТОР УПИСЕН РОК** | |
|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 10-12 септември |
| Објавување на прелиминарни резултати | 13 септември |
| Објавување на конечната одлуката за прием | 16 септември |
| Запишување на кандидатите | 16-20 септември |

| **РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ -2024/2025 ДОПОЛНИТЕЛЕН УПИСЕН РОК** | |
|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 23-24 септември |
| Објавување на прелиминарни резултати | 25 септември |
| Објавување на конечната одлуката за прием | 26 септември |
| Запишување на кандидатите | 27-30 септември |

**ЗАБЕЛЕШКА:** По реализацијата на првиот уписен рок, за непополнетите места на факултетите, односно студиските програми, Универзитетот, на интернет страницата ќе објави број на слободни места за запишување во вториот уписен рок во учебната 2024/2025 година.
По реализацијата на вториот уписен рок, за непополнетите места на факултетите, односно студиските програми, бројот на слободни места за запишување во третиот уписен рок во учебната 2024/2025 година, ќе биде објавен на на интернет страниците на Универзитетот.

**X. Документи за пријавување и запишување**

При пријавувањето за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. **Пријавен лист (во просториите на универзитетот);**
2. **Оригинални свидетелства од сите класови од средно образование;**
3. **Диплома за завршено средно образование;**
4. **Извод од матичната книга на родените;**
5. **Доказ за државјанство;**
6. **Потврда за уплатени:**
   a) 800 денари на жиро-сметката на Универзитетот: на име на административни трошоци.
   b) 600 денари дополнителни трошоци за секој предмет кој е наведен во прилог листата 1, на соодветната студиска програма каде што е предвиден приемениот испит, на жиро-сметката на Универзитетот: на име на Комисии за проверка на знаења и умеења и интервјуата (за студиски програми по англиски).

Кандидатите кои се пријавуваат на програмите каде има можности за вонренди студии, освен наведената документација, треба да доставуваат и одредени документи за оправдување на статусот според наведените критериуми во овој конкурс.

**При запишувањето, примените кандидати ги поднесуваат:**

1. Пријавни листови за запишување (обрасците се подигаат на факултет)
2. три фотографии (две 6х9 и една 4х5)
3. потврда за уплатени;
   - ✓ 100 денари на жиро-сметката на Универзитетот: на име на Студентскиот парламент
   - ✓ 800 денари, на жиро-сметката на Универзитетот: на име на издавање на индекс.
   - ✓ 750 денари, на жиро-сметката на Универзитетот: на име: спортски, културни, информациски и информативни дејности на студентите на Универзитетот.
   - ✓ Уплатени средства за прв семестар.

Сите горенаведени уплати да се реализираат на жиро-сметката на Универзитетот, на следниот начин:

¬ во „назив на примачот“ – Универзитет „Мајка Тереза’’во Скопје,
¬ во „банка на примач“ - Народна банка на Р. С. Македонија,
¬ во „сметка“ – 100000000063095,
¬ во „износ“ – износот на финансиските средства што треба да се уплатат,
¬ во „сметка на буџетски корисник“,

– во „единка корисник“ – 1600162677 788 15,

¬ во „приходна шифра и програма“ – 723012 45.

**КОНКУРСОТ ЌЕ БИДЕ ОБЈАВЕН НА ВЕБ - СТРАНИЦАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ WWW.UNT.EDU.MK**